Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:07.12.2023 13:07:47
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzben vesnik na RSM, O=JP Sluzben vesnik na Republika Severna Makedonija, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 258** **7 декември 2023, четврток** **година LXXIX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4496. | **Одлука** за донесување на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со намена за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М'гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане | 2 |
| 4497. | **Одлука** за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенцијата за лекови и медицински средства | 3 |
| 4498. | **Одлука** за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад | 3 |
| 4499. | **Одлука** за престанок и за давање на времено користење недвижна ствар на Хуманитарното здружение за помош и поддршка на лица со посебни потреби Бравура Кооператива Делчево | 3 |
| 4500. | **Програма** за изменување на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2023 година | 4 |
| 4501. | **Правилник** за престанување на важењето на Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за донесување на решение за акредитација на проект за основање на приватна високообразовна установа, формата и содржината на образецот на барањето за донесување на решение за почеток со работа на високообразовна установа, како и формата и содржината на образецот на барањето за донесување на решение за еквиваленција и признавање на странска високообразовна квалификација | 4 |
| 4502. | **Решение** на Уставниот суд на Република Северна Македонија У. бр. 158/2023 од 25 октомври 2023 година | 5 |
| 4503. | **Одлука** од Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија | 6 |
| 4504. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 6 |
| 4505. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 10 |
| 4506. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 13 |
| 4507. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија | 17 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4508. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ..... | **20** |
| 4509. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ..... | **24** |
| 4510. | **Одлука** за продолжување на Лиценца за пробна работа ...................... | **27** |
| 4511. | **Решение** за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител ...................................... | **28** |
| 4512. | **Решение** за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на КЈП НИСКОГРАДБА Битола со П.О. за регулиран период 2024-2026 година ............ | **28** |
| 4513. | **Решение** за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води на КЈП НИСКОГРАДБА Битола со П.О. за регулиран период 2024-2026 година ....................................... | **29** |
| 4514. | **Решение** за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈКП „Водовод“ Битола за регулиран период 2024-2026 година ....................................... | **30** |
| 4515. | **Одлука** за доделување на Државната награда „МИТО ХАЦИ ВАСИЛЕВ-ЈАСМИН“ за 2023 година за остварувања во областа на публицистиката и новинарството од интерес на Република Северна Македонија ..................... | **31** |
| | **Огласен дел** ...................................... | **1-96** |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**4496.**

Врз основа на член 30 став (9) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20 и 111/23) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 ноември 2023 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ СО НАМЕНА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ СО КАПАЦИТЕТ НАД 10 MW, ВО КО М’ГЛЕНЦЕ И КО МАЛОТИНО, ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ

Член 1

(1) Со оваа одлука се донесува Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење со намена за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М’гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане.

(2) Составен дел на оваа одлука е Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М’гленце и КО Малотино, Општина Старо Нагоричане со технички број 01-16/22 од 15.08.2022 година, кој е објавен на веб страната на Министерството за транспорт и врски.

(3) Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет над 10 MW, во КО М’гленце и КО Малотино, општина Старо Нагоричане се состои од:

- Графички дел кој содржи графички прикази на планските решенија со нумерички показатели,
- Текстуален дел кој содржи цели на планот, концепт на планот, услови за развој и градење и одредби за спроведување со нумерички податоци и со билансни показатели и
- Составни делови на урбанистички план

А) Графичкиот дел содржи:
- ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ
- ИЗВОД ОД УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ ...1:5000
- АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА... 1:1000
- ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, НА ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА СО ОДРЕДЕНА НАМЕНА, СОСТОЈБА, СТРУКТУРА, КАКО И ГРАДБИТЕ ШТО СЕ ВО ФАЗА НА ГРАДЕЊЕ .......................................1:1000
- ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ И ВОДОВИТЕ ОД ВКУПНА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА И ДРУГА ИНФРАСТРУКТУРА……………………..1:1000
- ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА УРБАНОТО И ДРУГОТО ЗЕЛЕНИЛО ВО ПЛАНСКИ ОПФАТ ..1:1000
- ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ
- ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ СО ГРАНИЦИ НА ПОВРШИНИТЕ СО ИСТА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО …………1:1000
- РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН СО ГРАФИЧКА ДЕФИНИЦИЈА НА ГРАНИЦАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ГРАФИЧКА ДЕФИНИЦИЈА НА РЕГУЛАЦИОНИТЕ ЛИНИИ……………………………………..1:1000
- ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ И НАЧИН НА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО……………..1:1000
- СООБРАЌАЕН ПЛАН СО ПЛАНСКО РЕШЕНИЕ НА СООБРАЌАЈНАТА МРЕЖА……………….. 1:1000
- ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН СО ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА НА СИТЕ КОМУНАЛНИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ВОДОВИ И ОБЈЕКТИ..……1:1000
- СИНТЕЗЕН ПЛАН …………………………. 1:1000

Б) Текстуалниот дел содржи:
- СОДРЖИНА НА ОПШТА ДОКУМЕНТАЦИЈА
- РЕГИСТРАЦИЈА НА СУБЈЕКТОТ
- ЛИЦЕНЦА ЗА ПЛАНИРАЊЕ
- РЕШЕНИЕ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ
- ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ
- ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ОД ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
- ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ОД ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

В) Составни делови на урбанистичкиот план се:
- УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
- ПРИЛОЗИ КОН ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА
- ПЛАНСКА ПРОГРАМА
- РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПЛАНСКАТА ПРОГРАМА
- ИЗВЕШТАЈ ОД СТРУЧНА РЕВИЗИЈА
- ИЗВЕШТАЈ ПО ИЗВРШЕНА СТРУЧНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Северна Република Македонија“.

Бр. 41-1978/12
28 ноември 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**4497.**

Врз основа на член 18 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 ноември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА**

Член 1

Со оваа одлука на Агенцијата за лекови и медицински средства се даваат на трајно користење, без надомест, недвижни ствари - деловни простории на ул.„Свети Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје, зграда 1, кат 1, намена на посебен дел од зграда „В4“, со површина од 574 м2 од вкупната внатрешна површина на катот од 1695 м2, на КП бр.11613, КО Центар 1, запишани во Имотен лист број 53637, сопственост на Република Северна Македонија.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3731/10
28 ноември 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**4498.**

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 ноември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Министерството за финансии да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, на движни ствари кои немаат вредност односно се дотраени, неупотребливи и технолошко застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Одлуката за расходување на основни средства-канцелариски мебел на Министерство за финансии со арх.бр.05-12107/2 од 21.11.2023 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-7367/13
28 ноември 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**4499.**

Врз основа на член 18 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 ноември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖНА СТВАР НА ХУМАНИТАРНОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ БРАВУРА КООПЕРАТИВА ДЕЛЧЕВО**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Општина Делчево му престанува користењето на недвижна ствар – објект, кој се наоѓа на ул.„Маршал Тито“ бб, Делчево, на КП бр.7962, КО Делчево, запишан во Имотен лист бр.11691, сопственост на Република Северна Македонија, и тоа:

- број на зграда 1, намена на зграда В4-10, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 403 м2,
- број на зграда 1, намена на зграда В4-10, влез 1, кат ПР , намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, со внатрешна површина 3 м2,
- број на зграда 1, намена на зграда В4-10, влез 1, кат ПО 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, со внатрешна површина 152 м2,
- број на зграда 1, намена на зграда В4-10, влез 2, кат ПО 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, со внатрешна површина 114 м2 и
- број на зграда 1, намена на зграда В4-10, влез 3, кат ПО 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, со внатрешна површина 117 м2.

Член 2

Недвижната ствар од член 1 од оваа одлука, се дава на времено користење за период од десет години од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, без надомест, на Хуманитарното здружение за помош и поддршка на лица со посебни потреби Бравура Кооператива Делчево.

Член 3

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 од оваа одлука, ќе се изврши помеѓу Општина Делчево и Хуманитарното здружение за помош и поддршка на лица со посебни потреби Бравура Кооператива Делчево, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-11910/3
28 ноември 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**4500.**

Врз основа на член 16 став (1) алинеја 7 и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12 , 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14 , 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23 и 236/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 ноември 2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Во Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 27/23), во делот IV. „ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА" во ставот 1 износот „30.000.000,00" се заменува со износот „33.000.000,00".

Во ставот 2 износот „30.000.000,00" се заменува со износот „33.000.000,00".

Во ставот 3 Табелата број 4 „Средствата за надоместок за партиципација" се менува и гласи:

"

| Опис на активност | Вкупно (ден.) |
|---|---|
| Партиципација за крводарители по приложени пресметки | **22.000.000,00** |

"

Во ставот 4 износот „19.000.000,00" се заменува со износот „22.000.000,00", а Табелата „Вкупно потребни средства за реализација на програмата по извршители" се менува и гласи:

"

| Опис на активност | Извршител | Вкупно ден. |
|---|---|---|
| Организација на крводарителство | Црвен крст на Република Северна Македонија | 8.800.000,00 |
| Здравствено-воспитни и пропагандни материјали | | 1.604.000,00 |
| Јубилејни признанија и мотивациони средства | | 296.000.00 |
| Активности за крводарителство спроведени од страна на Институт за трансфузиона медицина | Институт за трансфузиона медицина | 300.000,00 |
| Средства за партиципација | Јавни здравствени установи | 22.000.000,00 |
| **Вкупно** | | **33.000.000,00** |

"

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-10771/6
28 ноември 2023 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

**4501.**

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19), министерот за образование и наука, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА НА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ЕКВИВАЛЕНЦИЈА И ПРИЗНАВАЊЕ НА СТРАНСКА ВИСОКООБРАЗОВНА КВАЛИФИКАЦИЈА**

Член 1

Со овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за донесување на решение за акредитација на проект за основање на приватна високообразовна установа, формата и содржината на образецот на барањето за донесување на решение за почеток со работа на високообразовна установа, како и формата и содржината на образецот на барањето за донесување на решение за еквиваленција и признавање на странска високообразовна квалификација („Службен весник на Република Македонија" бр.70/11).

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 14-13075/1
5 декември 2023 година
Скопје

Министер
за образование и наука ,
Доц. д-р **Jeton Shaqiri,** с.р.

---

Në bazë të nenit 55 paragrafit (1) të Ligjit për Organizimin dhe Punën e Organeve të Administratës Shtetërore ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 dhe 51/11. dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.96/19 dhe 110/19), Ministri i Arsimit dhe Shkencës solli

**RR E G U LL O R E**
**PËR PËRFUNDIM TË VLEFSHMËRISË SË RREGULLORES PËR FORMËN DHE PËRMBAJTJEN E FORMULARIT TË KËRKESËS PËR SJELLJEN E AKTVENDIMIT PËR AKREDITIMIN E PROJEKTIT PËR THEMELIMIN E INSTITUCIONIT PRIVAT TË ARSIMIT TË LARTË, FORMA DHE PËRMBAJTJA E FORMULARIT TË KËRKESËS PËR SJELLJEN E AKTVENDIMIT PËR FILLIMIN E PUNËS SË INSTITUCIONIT TË ARSIMIT TË LARTË SI DHE FORMËN DHE PËRMBAJTJEN E FORMULARIT TË KËRKESËS PËR SJELLJEN E AKTVENDIMIT PËR EKUIVALENCË DHE NJOHJE TË KUALIFIKIMIT TË ARSIMIT TË LARTË TË HUAJ**

Neni 1

Me këtë rregullore ndërpritet vlefshmëria e rregullorës për formën dhe përmbajtjen e formularit të kërkesës për sjelljen e aktvendimit për akreditimin e projektit për

themelimin e institucioni privat të arsimit të lartë, formën dhe përmbajtjen e formularit të kërkesës për sjelljen e aktvendimit për fillimin e punës të institucionit të arsimit të lartë, si dhe formën dhe përmbajtjen e formularit të kërkesës për sjelljen e aktvendimit për ekuivalencë dhe njohje të kualifikimit të huaj të arsimit të lartë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 70 /11).

Neni 2

Kjo rregullore hyn në fuqi ditën e nesërme nga dita e publikimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

Nr. 14-13075/1 Ministër
5.12.2023 i Arsimit dhe Shkencës,
Shkup Doc. dr **Jeton Shaqiri,** d.v.

# УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**4502.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав Добрила Кацарска, претседател на Судот и судиите м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, Елизабета Дуковска, д-р Дарко Костадиновски и м-р Фатмир Скендер, врз основа на член 110 од Уставот на Република Северна Македонија и член 14 став 1, член 27 и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 202/2019, 256/2020 и 65/2021), на седницата одржана на 25 октомври 2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ ПОВЕДУВА постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 49-б алинеја 2 од Статутот на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ 16/2005, 8/2010, 17/2011, 18/2013, 13/ 2014, 1/2015 и 12/2015)

2. СЕ ЗАПИРА извршувањето на поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на одредбата означена во точката 1 од ова решение.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О б р а з л о ж е н и е

I

Уставниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 14 став 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, по сопствена иницијатива поведе постапка за оценување на уставноста на актот, означен во точката 1 од Решението, затоа што пред Судот, со основ се постави прашањето за неговата согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

II

На седницата Судот утврди дека член 49-б алинеја 2 од Статутот на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ 16/2005, 8/2010, 17/2011, 18/2013, 13/ 2014, 1/2015 и 12/2015) предвидува дека Комисијата за прописи и административни работи ги разгледува барањата за давање автентични толкувања и изготвува предлози на автентични толкувања на одлуките и други општи акти што ги донесува Советот.

III

Една од основните цели на Уставот на Република Северна Македонија е воспоставувањето на владеењето на правото во системот на власта. Овој уставен принцип со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот е определен како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, секој е должен да ги почитува Уставот и законите, согласно член 51 од Уставот.

Според член 110 алинеја 2 од Уставот, Уставниот суд на Република Северна Македонија одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите.

Согласно член 14 став 1 од Деловникот на Уставниот суд, Уставниот суд може и сам да поведе постапка за оценување на уставноста на закон, односно уставноста и законитоста на пропис или друг општ акт.

Согласно член 27 став 1 од Деловникот на Судот, Уставниот суд може во текот на постапката, до донесувањето на конечна одлука, да донесе решение за запирање на извршувањето на поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на закон, друг пропис или општ акт чијашто уставност односно законитост ја оценува, доколку со неговото извршување би можеле да настанат тешко отстранливи последици.

Автентично толкување на законите дава законодавецот како орган на законодавната власт. Собранието, согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот, ги донесува законите и дава автентично толкување на законите, а постапката за автентично толкување на законите е уредена со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” 91/2008, 119/2010 и 23/2013).

Согласно член 1 од Статутот е уредено дека Град Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа, е основан и неговото подрачје е утврдено со Законот за Град Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11). Во став 2 од истиот член е утврдено дека подрачјето на Град Скопје го сочинуваат подрачјата на општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари, основани со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 55/04).

Според член 2 е утврдено дека со Статутот на Град Скопје, во согласност со закон, се уредуваат организацијата и работата на органите на Град Скопје, составот и работењето на комисиите на Советот на Град Скопје, вршењето на работите согласно со начелото на супсидијарност, начинот на информирање на граѓаните и слободниот пристап до информации од јавен карактер, случаите на исклучување на јавноста од седниците на Советот на Град Скопје, начинот и постапката за доставување претставки и предлози за работата на органите на Град Скопје и постапувањето по нив, начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните, начинот на објавувањето на прописите на Советот, начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба, начинот на извршување на обврските од областа на безбедноста, заштитата и спасувањето во услови на кризни состојби и елементарни непогоди, начинот и постапката за утврдување на грбот и знамето на Град Скопје како и други прашања од значење за Град Скопје.

Согласно член 3 од Статутот е утврдено дека определени прашања поврзани со остварувањето на надлежностите, процедурите за работа и одлучување во Советот на Град Скопје, поблиску се уредуваат со деловник на Советот на Град Скопје (во натамошниот текст: деловник). Додека во ставот 2 од овој член е уредено дека деловникот го донесува Советот на Град Скопје (во натамошниот текст: Совет), со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Постапувајќи по оформениот предмет, Судот утврди дека Советот на Град Скопје согласно член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа, го донесува статутот на Град Скопје и други прописи, односно дека согласно член 62 став 1 од Законот, во вршењето на работите од својата надлежност советот донесува прописи, и тоа: статут, програми, планови, одлуки и други прописи утврдени со закон.

Што се однесува до Статутот на Град Скопје, неспорно е дека Советот на Град Скопје е надлежен да го донесува, притоа законодавецот во член 7 став 2 од Законот за локалната самоуправа уредил дека предмет на уредување со статутот на општината е организацијата и работењето на органите на општината, организацијата и работењето на комисиите на советот, вршењето на работите од членот 20 на овој закон, начинот на информирање на граѓаните, случаите на исклучување на јавноста од седниците на советот, начинот и постапката за доставување претставки и предлози за работата на органите на општината и постапување по нив, начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните, начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба, како и други прашања од значење за локалната самоуправа.

Во конкретниот случај, предмет на уредување со Статутот на Град Скопје, е автентично толкување на општи акти утврдено согласно член 49-б алинеја 2, иако од Законот за локалната самоуправа не произлегува овластување на Советот на Град Скопје да ги разгледува барањата за давање автентично толкување на прописите коишто ги донесува, ниту Законот упатува на можност во друг акт (статут или деловник на општина) да се предвиди автентично толкување на општи акти, од кои причини Уставниот суд согласно член 14 став 1 од Деловникот на Судот по сопствена иницијатива го покрена прашањето за уставноста и законитоста на член 49-б алинеја 2 од Статутот на Град Скопје со оглед дека нивното уредување во член 49-б алинеја 2 од Статутот на Град Скопје, е без законски основ, следствено и спротивно на принципот на владеењето на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, член 51 од Уставот според кој во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон и секој е должен да ги почитува Уставот и законите, ниту пак е во согласност со Законот за локалната самоуправа.

Со оспорената одредба од Статутот на Град Скопје, Советот на Град Скопје ги пречекорил, односно ги надминал своите надлежности предвидени во Законот за локалната самоуправа, во однос на кои Судот изразува сомнеж за нивната уставност и законитост, за Судот, тоа е доволна причина да го покрене прашањето и за уставноста и законитоста на конкретно даденото автентично толкување.

Имајќи го предвид сето погоре изнесено, пред Судот основано се постави прашањето за уставноста и законитоста на член 49-б алинеја 2 од Статутот на Град Скопје. Поради можноста од настанување на штетни последици, а согласно член 27 од Деловникот на Уставниот суд, Судот одлучи да ја запре примената на спорните одредби од Статутот на Град Скопје, како и да го запре извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на оспорените акти со иницијативата, до донесувањето на конечната одлука.

IV

Врз основа на наведеното, Судот одлучи како во диспозитивот на ова решение.

У. бр. 158/2023
25 октомври 2023 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија
**Добрила Кацарска**, с.р.

# СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**4503.**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, согласно чл.9 ст.1 алинеа 3 чл.10 ст.1, чл.43 и чл.47 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр. 42/20), на одржаната деведесет и прва седница на ден 6.12.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

I

На Лиле Талевска – јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Битола, и се утврдува престанок на функцијата јавен обвинител, поради исполнување на условите за старосна пензија.

II

Функцијата јавен обвинител и работниот однос престануваат заклучно со 12.12.2023 година.

III

Оваа одлука влегува во сила на ден 6.12.2023 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОР Бр. 8/23
6 декември 2023 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Северна Македонија
Претседател,
**Душица Димитриеска,** с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**4504.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 44 став (2) од Законот за енергетика* (“Службен весник на Република Македонија” бр. 96/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 96/19 и 236/22) и член 15 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 1 декември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за проектирање, градежништво, производство, трговија и услуги ИНВЕСТРА ДОО Штип, се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “ИНВЕСТРА ЧАРДАКЛИЈА 1”.

2. Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "ИНВЕСТРА ЧАРДАКЛИЈА 1" („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.131/23) и Одлуката за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "ИНВЕСТРА ЧАРДАКЛИЈА 1" („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/23).

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 12-753/23
1 декември 2023 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Прилог:

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**1. Назив и седиште на носителот на лиценцата**

Друштво за проектирање, градежништво, производство, трговија и услуги ИНВЕСТРА ДОО Штип, со седиште ул. "Плачковички одред" бр.47 Штип, Република Северна Македонија.

**2. Енергетска дејност за која се издава лиценцата:** Производство на електрична енергија

**3. Датум на издавање на лиценцата:** 1 декември 2023 година

**4. Датум на важење на лиценцата:** 1 декември 2058 година

**5. Евидентен број на издадената лиценца:** ЕЕ-ПРОИЗ-975-2023

**6. Единствен матичен број:** 7420145

**7. Единствен даночен број:** 4029020523754

**8. Подрачје на кое се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "ИНВЕСТРА ЧАРДАКЛИЈА 1" на КП бр. 29/11 КО Чардаклија, Општина Штип.

**9. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- постапува согласно член 70 од Законот за енергетика*,
- обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во електродистрибутивниот систем,
- им ги обезбеди на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на електродистрибутивниот систем, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Правилата за пазар на електрична енергија,
- доставува извештаи за опремата, постројките, плановите за одржување и планираната расположливост до операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија,
- доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- да води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- ги почитува и да постапува согласно Правилата за пазар на електрична енергија, Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, како и согласно правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија врз основа на Законот за енергетика*,
- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци,
- работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Северна Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста производство на електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа.

**10. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен извештај за работењето, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината,

2) годишна завршна сметка со сите прилози,

3) преземени мерки во текот на извештајната година за:

- заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,
- безбедност и здравје при работа,
- кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,
- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
- извршување на мониторинг на работењето,
- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба,

4) извршување на годишната програма за ремонти,

5) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година,

6) извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

**11. Доверливост на информациите**

Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија.

**12. Квалитет на услугата**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

**13. Мерење на произведената електрична енергија и моќност**

Мерењето на произведената, односно испорачаната електрична енергија во електродистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место на начин и постапка утврдени согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**14. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**15. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**16. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала со следните технички карактеристики:

а) назив на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ "ИНВЕСТРА ЧАРДАКЛИЈА 1"

б) моќност на фотонапонска електроцентрала по фотонапонски панели: 795,70 kW

в) моќност на фотонапонска електроцентрала по инвертори: 800 kW

г) година на почеток на градба 2023 година

д) година на завршеток на градба и почеток на работа: 2023 година

е) проценет животен век на ФЕЦ: 35 години

ж) тип и производител, моќност и број на фотонапонски панели:

KTM7-144HP-545W, 1.460 панели со моќност од 545W

з) тип и производител и номинални податоци на инвертор:

DEYE SUN2000-100KTL- G03, 8 инвертори со моќност од 100 kW

и) годишно сончево зрачење на таа локација: 1.653 kW/m2

к) очекувано годишно производство на електрична енергија: 1.205 MWh.

---

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1) nënparagrafi 18 dhe nenit 44 paragrafi (2) të Ligjit të Energjetikës ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 96/19 dhe 236/22) dhe nenit 15 të Rregullores së Licencave („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 1 dhjetor 2023, solli këtë

**V E N D I M**
**PËR DHËNIEN E LICENCËS PËR KRYERJEN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE TË PRODHIMIT TË ENERGJISË ELEKTRIKE**

1. Shoqërisë së Projektimit, të Ndërtimtarisë, të Prodhimit, të Tregtisë dhe të Shërbimeve INVESTRA SHPK Shtip, i jepet licencë për kryerjen e veprimtarisë energjetike prodhim të energjisë elektrike nga centrali elektrik diellor CED "INVESTRA ÇARDAKLIJA 1".

2. Licenca e kryerjes së veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike është dhënë në shtojcë, e cila është pjesë përbërëse e këtij vendimi.

3. Në ditën e hyrjes në fuqi të këtij vendimi, nuk vlen më Vendimi për Dhënien e Licencës së Punës Provë për Kryerjen e Veprimtarisë Energjetike të Prodhimit të Energjisë Elektrike nga Centrali Elektrik Diellor CED "INVESTRA ÇARDAKLIJA 1" ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr.131/23) dhe Vendimi për Dhënien e Licencës së Përkohshme për Kryerjen e Veprimtarisë Energjetike të Prodhimit të Energjisë Elektrike nga CED "INVESTRA ÇARDAKLIJA 1" („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr.101/23).

4. Ky vendim hyn në fuqi në ditën e sjelljes së tij dhe botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe publikohet në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Komisioni Rregullator i Energjetikës,
Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të
të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale
të Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetar,
**Марко Бислимоски,** d.v.

PA1 nr. 12-753/23
1 dhjetor 2023
Shkup

Shtojcë:

**L I C E N C Ë**
**PËR KRYERJEN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE TË PRODHIMIT TË ENERGJISË ELEKTRIKE**

**1. Emri dhe selia e bartësit të licencës:**

Shoqëria e Projektimit, e Ndërtimtarisë, e Prodhimit, e Tregtisë dhe e Shërbimeve INVESTRA SHPK Shtip, me seli në rr. "Pllaçkoviçki Odred", nr. 47 Shtip Republika e Maqedonisë së Veriut.

**2. Veprimtaria energjetike, për të cilën jepet licenca:** Prodhim i energjisë elektrike

**3. Data e dhënies së licencës:** 1 dhjetor 2023

**4. Data e skadimit të licencës:** 1 dhjetor 2058

**5. Numri evidentues i licencës së dhënë:** ЕЕ-ПРОИЗ-975-2023

**6. Numri amzë:** 7420145

**7. Numri tatimor:** 4029020523754

**8. Rajoni ku kryhet veprimtaria energjetike**

Bartësi i licencës e kryen veprimtarinë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike nga centrali elektrik diellor CED “INVESTRA ÇARDAKLIJA 1” në PK nr. 29/11, KK Çardaklija, komuna e Shtipit.

**9. Detyrimet e përgjithshme të bartësit të licencës**

Bartësi i licencës është i detyruar:

- të punojë në përputhje me nenin 70 të Ligjit të Energjetikës*,
- të sigurojë prodhim dhe dërgesë të sigurt, të vazhdueshme dhe cilësore të energjisë elektrike deri në pikën e pranimit në sistemin e shpërndarjes së energjisë elektrike,
- t’i sigurojë operatorit të sistemit të transmetimit të energjisë elektrike, operatorit të tregut të energjisë elektrike, operatorit të sistemit të shpërndarjes së energjisë elektrike, të gjitha informatat e nevojshme dhe të dhënat që janë të domosdoshme për kryerjen e detyrimeve të tyre që rrjedhin nga licencat, në përputhje me Rregullat e Rrjetit të Transmetimit të Energjisë Elektrike, Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike dhe Rregullat e Tregut të Energjisë Elektrike,
- të dërgojë raporte për pajisjen, impiantet, planet e mirëmbajtjes dhe disponueshmërinë e planifikuar deri te operator i sistemit të shpërndarjes së energjisë elektrike, në përputhje me Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike,
- të dërgojë të dhëna dhe informata në përputhje me Rregulloren e Mënyrës dhe të Procedurës së Ndjekjes së Funksionimit të Tregjeve të Energjisë,
- të dërgojë njoftime për të gjitha rrethanat, ngjarjet dhe ndryshimet, të cilat kanë apo mund të kenë ndikim në kryerjen e veprimtarisë energjetike,
- të udhëheqë kontabilitet të veçantë për secilën veprimtari energjetike veçmas që e kryen apo për veprimtari të tjera që i kryen,
- t’i respektojë dhe të punojë në përputhje me Rregullat e Tregut të Energjisë Elektrike, Rregullat e Balancimit të Sistemit Elektro-Energjetik, Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike si dhe në përputhje me rregulloret dhe rregullat e tjera, që i sjell dhe i miraton Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut në bazë të Ligjit të Energjetikës*,
- të mundësojë qasje të drejtpërdrejtë me kërkesë të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në dokumentacionin e përgjithshëm që i referohet kryerjes së veprimtarisë energjetike për të cilën është dhënë licenca, në pajtueshmëri me Rregulloren e Licencave,
- të punojë në përputhje me ligjet, rregullat e tjera dhe aktet e përgjithshme të Republikës së Maqedonisë së Veriut, posaçërisht ato që i referohen kryerjes së veprimtarisë së prodhimit të energjisë elektrike, mbrojtjes së konkurrencës, mbrojtjes së konsumatorëve, mbrojtjes së mjedisit jetësor, jetës dhe shëndetit të njerëzve dhe mbrojtjes gjatë punës

**10. Detyrimi për dërgimin e Raportit Vjetor të Punës**

Bartësi i licencës është i detyruar që, deri te Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut, më së voni deri më 31 mars të vitit vijues, të dërgojë raport vjetor pune duke përfshirë edhe raportin e punës financiare dhe afariste gjatë vitit të kaluar.

Raporti vjetor me të gjitha shtojcat e tij duhet të dërgohet edhe në formë elektronike.

Raporti vjetor duhet të përmbajë të dhëna për:

1) përshkrimin dhe vëllimin e kryerjes së veprimtarisë energjetike gjatë vitit,

2) llogarinë përfundimtare vjetore me të gjitha shtojcat,

3) masat e marra gjatë vitit raportues për:

- mbrojtje të ndërtesave dhe pajisjes nga ndikimet e jashtme dhe aksidentet dhe sigurimin e ndërtesave dhe pajisjeve për kryerje të veprimtarisë energjetike,
- siguri dhe shëndet gjatë punës,
- ekipim kuadror, trajnim dhe përsosje profesionale të të punësuarve,
- mbrojtjen e mjedisit jetësor, jetës dhe shëndetit të njerëzve,
- kryerjen e monitorimit të punës,
- kryerje të veprimtarive në kushte të gjendjes së krizës, ndryshimin e kushteve në tregun botëror si dhe në gjendje lufte apo të jashtëzakonshme,

4) kryerjen e programit vjetor për riparime,

5) realizimin e planit të punës, që i referohet vitit përkatës,

6) monitorime inspektoriale të kryera nga organet kompetente dhe organet e tjera shtetërore, me kopje të bashkëngjitura të procesverbaleve, raporteve dhe aktvendimeve të monitorimeve dhe të kontrolleve të kryera.

**11. Besueshmëria e informatave**

Bartësi i licensës është i detyruar që në pajtueshmëri me ligjin, të sigurojë besueshmërinë e të dhënave afariste dhe informatave gjatë kryerjes së veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike.

**12. Cilësia e shërbimit**

Bartësi i licencës duhet të sigurojë mjete teknike dhe kushte të tjera që mundësojnë cilësi konstante të energjisë elektrike të prodhuar, në përputhje me Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike.

Bartësi i licencës duhet të kryejë monitorim të vazhdueshëm të parametrave që e përcaktojnë cilësinë e energjisë elektrike të prodhuar dhe me kërkesë të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut, të dërgojë raport me shkrim për lëvizjen e të gjithë parametrave që e përcaktojnë cilësinë e energjisë elektrike të prodhuar në periudhën e përcaktuar kohore.

**13. Matja e energjisë elektrike dhe e fuqisë së prodhuar**

Matja e energjisë elektrike të prodhuar, gjegjësisht të dërguar në sistemin e shpërndarjes së energjisë elektrike, kryhet në vendin matës përllogaritës në mënyrë dhe procedura të përcaktuara në përputhje me Rregullat e Rrjetit të Shpërndarjes së Energjisë Elektrike.

**14. Ndryshimi, vazhdimi, transmetimi, ndërprerja, pezullimi dhe heqja e licencës**

Ndryshimi, vazhdimi, transmetimi, ndërprerja, pezullimi dhe heqja e kësaj licence do të kryhet në përputhje me dispozitat e Ligjit të Energjetikës* dhe Rregullores së Licencave.

**15. Masat në rast të mosplotësimit të detyrimeve të bartësit të licencës**

Nëse bartësi i licencës nuk i plotëson kushtet e përmbajtura në këtë licencë, Komisioni Rregullator i Energjetikës, i Shërbimeve të Ujit dhe i Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale i Republikës së Maqedonisë së Veriut do të marrë masa në përputhje me Ligjin e Energjetikës* dhe me Rregulloren e Licencave.

**16. Kapacitetet prodhuese, me të cilat kryhet veprimtaria energjetike**

Bartësi i licencës e kryen veprimtarinë energjetike, prodhim të energjisë elektrike nga centrali elektrik diellor, me karakteristikat teknike në vijim:

a) emri i centralit elektrik diellor: CED "INVESTRA ÇARDAKLIJA 1"

b) fuqia e centralit elektrik diellor sipas paneleve fotovoltaike: 795,70 kW

c) fuqia e centralit elektrik diellor sipas invertorëve: 800 kW

d) viti i fillimit të ndërtimit viti 2023

e) viti i mbarimit të ndërtimit dhe fillimi i punës: 2023

f) jetëgjatësia e paraparë e CED: 35 vite

g) lloji dhe prodhuesi, fuqia dhe numri i paneleve fotovoltaike:

KTM7-144HP-545W, 1.460 panele me fuqi prej 545W

h) lloji dhe prodhuesi dhe të dhënat nominale të invertorit:

DEYE SUN2000-100KTL- G03, 8 invertorë me fuqi prej 100 kW

i) rrezatimi vjetor diellor në atë lokacion: 1 653 kW/m2

j) prodhimi i pritur vjetor i energjisë elektrike: 1 205 MWh.

---

**4505.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 44 став (2) од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 236/22) и член 15 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 1 декември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за проектирање, градежништво, производство, трговија и услуги ИНВЕСТРА ДОО Штип, се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "ИНВЕСТРА ЧАРДАКЛИЈА 2".

2. Лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

